Лидија ГЕОРГИЕВА УДК: 355.45:[339.923:061.1ЕУ

# БЕЗБЕДНОСНАТА СТРАТЕГИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ПРЕВЕНЦИЈАТА НА КОНФЛИКТИТЕ

***Кратка содржина***

*Во развојот на Европската унија (ЕУ), особено во формулирањето на нејзината Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) може да се препознаат два клучни елементи: безбедносната стратегија на ЕУ која го формулира погледот на членките кон изменетото безбедносно опкружување и кон ризиците и заканите за стабилноста на Заедницата и концептот на превенција на конфликти кој се смета за обединувачка норма во рамките на ЗНБП и во однос на заедничките принципи и целите на членките. Податокот дека Гетеборшката програма, односно програмата за превенција на конфликти на ЕУ, беше усвоена пред да се донесе безбедносната стратегија е доволно провокативен. Сепак, на двата концепти може да се пристапи како на составни елементи на единствена безбедносна политика која се изградува и врз основа на искуствата од регионот на Југоисточна Европа. Во овој труд превенцијата се разгледува како централен концепт на ЗНБП кој се реализира преку воени и цивилни инструменти. Сепак, искуствата од примената на инструментите на ЗНБП кон ЈИЕ и особено кон Република Македонија, укажуваат дека превенцијата не е доволно искористена и дека структурната, односно долгорочната превенција е поуспешен модел на безбедносна политика.*

***Клучни зборови:***

## ВОВЕД

Европската унија којашто е формирана да ги надмине проблемите помеѓу членките и нивните недоразбирањата кои водеа кон војни и страдања, од основањето на Заедницата за јаглен и челик (1951), преку Европската економска заедница во (1957), која потоа со договорот од Мастрихт (1992), прерасна во Европска унија, денес претставува најголем и најдолгорочен мировен проект во Европа.

Таа е изградена како меѓувладина и супранационална унија на државите членки која функционира во сверата на внатрешната, надворешната и политиката на одбраната.[1]

Еден од аспектите на ЕУ-заедничката одбрана е прашање кое беше отворено и пред формирањето на Заедницата за јаглен и челик и тоа со Бриселскиот договор со кој се формира Западната унија во 1948. Навестувањата на Студената војна доведе до проширување на Zapadnata унија на конференцијата во Лондон во 1954 година со потпишување на модифицираниот Бриселски договор со кој е основана Западноевропската унија (WEU).[2] Иако до потпишувањето на договорот од Мастрихт Западноевтопската унија поминува низ неколку фази на реактивирање и институционални реформи, нејзино суштинско зајакнување се случува од 1992 година кога со Договорот за ЕУ, ЗЕУ станува интегрален дел од развојот на ЕУ. Еволуирањето на ЗЕУ го отсликува создавањето на европскиот безбедносен и одбранбен идентитет кој понатаму е институционализиран преку заедничката надворешна и безбедносна политика (CFSP) на ЕУ.

По иницијалното дефинирање во Договорот од Мастрихт во 1992 година, ЗНБП на ЕУ од најавата за евентуално развивање на заедничката одбранбена политика и со време да води кон заедничка одбрана, помина низ фази на значаен концепциски и институционален развој. Притоа, како главни цели на ЗНБП во Договорот се дефинирани:

- Заштита на заедничките вредности, основните интереси и независноста на Унијата;
- Зајакнување на безбедноста на Унијата и нејзините членки на сите можни начини;
- Зачувување на мирот и зацврстување на меѓународната безбедност;
- Промовирање на меѓународната соработка;
- Развој и консолидирање на демократијата и влладеење на законот и почитувањето на човековите права и основните слободи.[3]

---

[1] Со потпишување на Договорите за политичка унија и за економска и монетарна унија кои заедно го формираат договорот за Европска унуиа и со ратификување на договорот ЕУ функционира од 1.11.1993 година.

[2] Десет европскиземји се членки на ЗЕУ: Белгија, Велика Британија, Германија, Грција, Италија Луксенбург, Португалија, Франција, Холандија и Шпанија.

[3] Договор за ЕУ.

Во оваа фаза покрај дефинирањето на целите на ЗНБП, прашањето за евентуален ЕУ безбедносен концепт не е меѓу актуелите и приоритетните. Така ова прашање се преведува во доменот на развојот и функционирањето на ЗЕУ. ЗЕУ на Самитот на министрите во Бон (1992) ги донесе Петерсбуршките задачи со кои ги дефинира новите одбранбени задачи на организацијата како: хуманитарни и спасувачки задачи, чување на мирот, задачи на силите во кризен менаџмент, вклучувајки и миротворство.[4] Непосредно по усвојувањето на задачите искуствата од справувањето со конфликтите на Балканот а потоа и по интервенцијата на НАТО во Косово, ја отвори дебатата во самата ЕУ и меѓу ЕУ и САД за дискрепанците помеѓу политичката и воената моќ на ЕУ и особено за остварувањето на нејзината улога во одржувањето и градењето на меѓународната безбедност.

Една од последиците на констатацијата дека ЕУ треба да ги зајакне своите капацитети како меѓународен актер доведе до зајакнувањето на одбранбените капацитети на ЕУ и нивно институционално поткрепување кои се одвива последователно. За да се оживее основната замисла вградена во Договорот за ЕУ преку Декларацијата од Сент Мало (1998) се овозможува разој на капацитети за автономна акција на ЕУ кои треба да биде поддржана со кредибилна воена сила, начин на одлучување за нивна употреба и подготвеност да се употребат за да се одговори на меѓународните кризи.[5] Потоа со одлуките на Европскиот Советот од Ница се отвори процесс за автономни структури за донесување одлуки а со одлуките на Советот од Хелсинки (1999) се развиваат капацитетите и инструментите за реализирање на Петербуршките задачи кои подоцна беа имплементирани како Конкордија (во Република Македонија) и Артемис (Демократска Република Конго) или Алтеа (БиХ).

Безбедносните предизвици со кои се соочува ЕУ во своето блиско соседство, особено на Балканот, потоа терористичките напади од 11.09 и кризата околу Ирак, уште посериозно го отворија прашањето за потребата ЕУ да дефинира стратегиски концепт преку кој јасно ке се изразат целите на европската безбедносна и одбранбена политика. На тој начин ке се одбегнат недоразирањата и во самата Унија но и во рамките на НАТО.[6]

---

[4] Петербуршки задачи, подетално на страната на www.http.eu.org

[5] http://www.defence.gouv.fr/dga/fr/pdef/saintmalo.pdf

[6] НАТО со Стратегискиот концепт од Рим 1991 и Вашингтон 1999 ги дефинира овие прашања.

## 1. Безбедносна стратегија на ЕУ и безбедноните ризици

Донесувањето на Безбедносната стратегијата (ESS/ЕБС) на Европската Унија насловена *Побезбедна Европа во подобар свет*, се проценува како почеток на зајакнување на основите за понатамошен развој на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ и за надминување на перцепциите за ЕУ единствено како цивилна сила.[7] Преку овој документ ЕУ се поставува како глобален актер, односно како актер кој е подготвен да придонесе кон глобалната безбедност и да ги надмине некои од дилемите со кои се соочуваше на тој план. Прво, да одговори на потребата за репозиционирање на политиката на ЕУ особено по теористичките напади и безбедносното опкружување по 11.09; Потоа да го надмине јазот кој се појави помеѓу членките на ЕУ и САД во рамките на НАТО во однос на намерата да се формулира засебен европски одбранбен идентитет и политика, така и во однос на надминување на стратегиската фрагментацијата која се појави во самата ЕУ особено во периодот на кризата околу Ирак.[8]

Но она што ја чини Европската безбедносна стратегија уште поактуелна е констатацијата дека таа конечно, претставува заеднички одговор на членките за проценување на актуелните безбедносни ризици и начините за справување со нив. Стратегијата во рамките на три дела ги опфаќа:

- Анализата на актуелното безбедносно опкружување;
- Идентификување на трите стратегиски цели на Унијата и
- Толкување на политичките импликации за ЕУ.

Во однос на актуелото безбедносно опкружување ЕБС ги препознава негативните аспекти на процесот на глобализација во зголемувањето на сиромаштијата, појавата на болести, натпреварот за ограничени ресурси и глобалното затоплување како фактори кои имаат влијание врз безбедноста на земјите членки. Овие процеси ја зголемуваат меѓузависноста на членките но во исто време ја злолемуваат и чувствителноста/вулнерабилноста на меѓуповрзаните структури во транспортот, енергетиката, информациите и другите области.[9] Кон ова придонесува и енергетската зависност од нафта и

---

[7] A Secure Europe in a Better World

[8] Peter van Ham: Europe Gets Real: The New Security Strategy Shows the EU's Geopolitical Maturity; AICGS Advisor, 9 Januari 2004

[9] Во ЕБС се наведува дека од 1990 година скоро 4 милионо луѓе, од кои 90% се цивили, починале во војни. Над 18 милиони луѓе ги напуштиле своите домови како последица на конфликтите.

природен гас и се проценува дека од сегашните 50% увозот до 2030 ке се зголеми на 70%. Од друга страна се препознаваат и проблемите со кои се соочуваат земјите во развој како сиромаштијата и болестите, СИДА-та и појавата на нови пандемии кои можат да прераснат во глобална закана.

ЕБС ја поставува безбедноста како неопходен предуслов за развојот. Со тоа што претпоставува дека агресијата од поголем размер кон некоја од членките на ЕУ сега е неможна, ЕБС укажува на изменетите карактеристики на заканите кои стануваат: *покомплексни, помалку препознатливи и потешко предвидливи.*

### *1.1. Клучни безбедносни закани*

Во рамките на безбедносната стратегија на ЕУ се идентификуваат пет клучни закани кои меѓусебно се поврзани:

- Тероризм;
- Ширењето на оружјето за масовно уништување;
- Регионалните конфликти;
- Распаѓањето на државите;
- Организираниот криминал.

Тероризмот во ЕБС се препознава како растечка стратегиска закана за цела Европа зад која стојат многу комплексни причини вклучувајки ги притисокот на модернизацијата, културните, социјалните и политичките кризи како и маргинализацијата на младите луѓе кои живеат во различни општества. Стратегијата констатира дека Европските држави во исто време се и цели на напад но и база на тероризмот и дека е неопходна заеднича европска акција кон тероризмот.[10] Во таа смисла ЕУ со Планот на активности за борба против тероризмот ја посочи одговорноста на секоја од државите и за вклучи борбата против сите форми на тероризмот во сите аспекти на надворешната политика на ЕУ.

Оружјето за масовно уништување е според ЕБС претставува потенцијално најголема закана за безбедноста на ЕУ. Во Стратегијата се констатира дека можноста од пристап и употреба на вакво оружје од страна на терористички групи претставува најлошото сце-

---

[10] Терористички напади беа извршени во Шпанија (11.03.2004) и Велика Британија а келии на Ал Каеда откриени во Велика Британија, Италија, Германија, Шпанија и Белгија.

нарио.[11] Активноста на ЕУ кон оваа закана се регулира и со Стратегијата на ЕУ против ширењето на оружјето за масовно уништување (2003). Таа предвидува две нивоа: прво, јакнење на мултилатералните договори за неширење и јакнење на реежимите за контрола и верификација; решавање на тензиите и споровите кои произлегуваат од оваа свера преку политички решенија и регионални договори за контрола на оружјето и разоружувањето и второ, само доколку претходните мерки не се успешни може да се употребат присилни мерки согласно Глава VII од Повелбата на ООН и со меѓународното право.

Регионалните конфликти во меѓународната заедниза (Кашмир, Регионот на Големите езера, Корејскиот полуостров) како и оние во непосредното соседството на ЕУ според ЕБС влијаат дирекно или индирекно врз европските интереси. Покрај тоа што предизвикуваат човечки страдања, уништување на социјалната и физичката инфраструктура, кршење на основните слободи, човековите и малцинските права, тие се препознаваат и како извор на екстремизам и тероризам кои водат кон распаѓање на државите.

Распаѓање на државите е последица на лошото владеење и корупцијата, злоупотребата на сила, неефикасни и слаби институции, недостаток на одговорност и цивилните конфликти кои одвнатре ги еродираат државите. Колапсот на институциите и на државите влијае врз регионалната нестабилност.

Организираниот криминал се дефинира како внатрешна закана за стабилноста на членките на ЕУ со јасни екстерни димензии: прекугранична трговија со дрога, жени, нелегални мигранти и оружје. Стратегијата го поврзува организираниот криминал со тероризмот и смета дека Европа е примарна цел на организираниот криминал.

### *1.2. Стратегиски цели во рамките на безбедносната стратегија*

Во третиот дел, врз основа на проценките за актуелното безбедносно опкружување и идентификуваните закани, Стратегијата за зачувување на европската безбедност и промовирање на нејзините вредности утврдува три стратегиски цели:

[11] Последната употреба на OMU/WMD во подземната железница во Токио (1995) со употреба на гасот сарин предизвика 12 жртви и неколку илјади повредени. Зад терористичките напади стоеше сектата Аум која две години претходно употреби антракс на улиците на Токио.

- Справување со заканите;
- Градење на безбедно соседство;
- Воспоставување на меѓународен поредок кој ќе се базира на ефикасен мултилатерализам.

а) Во однос на првата стратегиска цел ЕБС ги посочува досегашните иницијативи кои беа насочени кон клучите закани како што беа:

- По терористичките напади од 11/9, ЕУ донесе (European Arrest Warrant), мерки во однос на финасирањето на тероризмот и взаемна правна помош со САД;
- Утврдување на програма со која ке се зајакне Мегународната агенција за атомска енергија и ке се поддржи зајакнат и ефикасен меѓународен режим за контрола;
- Интервенциите со кои се справува со регионалните конфликти на Балканот, Авганистан и ДРКонго.

Во ЕБС се заклучува дека за разлика од големите и видливи закани во периодот на Студената војна, актуелното безбедносно опкружување го карактеризираат закани кои не се доминантно воени ниту пак врз нив може да се реагира исклучиво со воени средства. Затоа ЕУ претпоставува дека традиционалниот концепт за самоодбрана кој е насочен кон закана од агресија, во однос на комплексните закани ја поместува првата линија на одбрана надвор од границите на ЕУ.

б) Во однос на втората стратегиска цел, градење на безбедноста во соседството, стратегијата насочува дека треба да се формира опкружување од демократски управувани земји кон Исток и кон Медитеранот. Прашањето на стабилноста на Балканот, Јужниот Кафказ и Израелско Арапскиот конфликт се дел од поширокото внимание на ЕУ.

в) Третата стратегиска цел според ЕБС е воспоставување на ефикасен мултилатерален систем и посилна меѓународна заедница, функционални меѓународни институции и меѓународен систем заснован на меѓународното право. Во овој дел од стратегијата Повелбата на ООН експлицитно се посочува како фундаментална рамка за меѓународните односи а Советот за безбедност на ООН тело со примарната одговорност за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Соработката на ЕУ со НАТО, ОЕБС и Советот на Европа, но и со другите меѓународни организации, на планот на создавање на ефикасен мултилатерализам. Стратегијата не ја исклучува употре-

бата на сила за спречување на создавање на ОМУ и можна поддршка за превентивни напади но ја потенцира рамката во која тоа може да се движи-ООН и Советот за безбедност.

Воспоставените стратегиски цели треба да овозможат прогрес кон кохерентна надворешна политика и кон ефикасен кризен менаџмент на ЕУ. Во таа насока се укажува дека е неопходна поактивна, поефикасна, кохерентна политика која ке се реализира заедно со партнерите. Еден од клучните аспекти на ЗНБП на ЕУ претставува програмата за превенција на конфликти.

## 2. Новите ризици и превенцијата на конфликти во рамките на ЕУ

Во рамките на ЕУ посериозно инволвирање на идејата за превенција на конфликти настапува по Договотрот од Мастрихт и Амстердамскиот договор кои го воведуваат моделот за управувањето со кризите и превенцијата на конфликтити. Подоцна преку Гетеборскиот самит овој концепт ги доразвива своите димензии. Оттогаш, превенцијата на конфликтите се воведува како централен концепт на надворешната политика на ЕУ и главна цел на Заедничката надворешна и безбедносна политика на подолг период. Сопственото искуство за превенција на конфликти помеѓу државите-членки но и лекциите од справувањето со конфликтите во поранешна Југославија и искуството од конфликтите во кои се ангажирани европски сили или контингенти на државите членки, ги зајакна убедувања во рамките на ЕУ дека се неопходни посериозни напори да се создаде сеопфатен превентивен пристап во однос на регионалните конфликти.

Како резултат на ваквата тенденција ЕУ го прифати концептот за структурна стабилност кој претставува основна цел на мерките за превенција на конфликти. Усвојувањето на концептот за структураната стабилнот означи дека превенцијата на конфликтите во рамките на ЕУ не се толкува единствено како операционална превенција (која во суштина претставува менаџирање на кризите) туку и како структурна превенција која вклучува:

- траен економски развој,
- демократија и почитување на човековите права,

- стабилни политички структури, и
- здрави природни и социјални услови.[12]

Притоа способноста да се управува со промените без употреба на насилство е клучен принцип на превенцијата.

Европската унија, преку Програмата за превенција на конфликти усвоена во Гетеборг, ја нагласува нејзината политичка обврска да врши превенција на конфликтите, како една од главните цели на нејзините надворешни односи. Таа се обврзува да продолжи да ги унапредува капацитетите на ЕУ за превенција од насилни конфликти и да придонесе за глобалната култура за превенција. Соработката на Европската Комисијата во превенцијата на конфликтите се оценува како главен придонес за способностите на ЕУ во превенцијата на конфликтите и е насочена кон реализирање на следните активности:

- да постави јасни политички приоритети да дејствува во насока на превентивна акција;
- да го унапреди раното предупредување, акција и политичка кохерентност'
- да ги засили своите инструменти за долгорочна и краткорочна превенција, и
- да изгради ефективно партнерство за превенција.

### 2.1. *Раното предупредување како предуслов за успешна превенција*

Прецизни информации и анализи за можните конфликти како и на јасните опции за акција на ЕУ се предуслов за успешната превенција како за долгорочна така и за краткорочна.Во овој случај мора да се обезбеди кохерентност во раното предупредување, анализите, планирањата, процесите на одлучување, имплементацијата и евалуацијата на информациите.

За да се обезбеди рано предупредување, акција и стратегиска кохерентност ЕУ ке се насочи кон следните активности:

- Комитетот на постојани претставници (COREPER) ќе продолжи да обезбедува кохерентност помеѓу различните

[12] Ester Barbe and Elizsabeth Johansson: EU and Conflict Prevention; OBS; Working Paper No. 8, October 2001.

стратегиски области на Унијата, посветувајќи му особено внимание на прашањето за кохерентност на превентивните активности;

- Политичко-безбедносниот комитет (PSC) и понатаму ќе ја зацврстува својата улога во развивање и мониторинг на стратегии за превенција на конфликти, во склоп на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и ЕБОП, при што ќе се базира врз информации од релевантни тела и ќе му ги предочува проблемите на Советот;
- Земјите-членки, нивните шефови на мисии, специјалниот претставник на ЕУ, делегации на Европската комисија (ЕК) и други претставници на Комисијата, како и Секретаријатот на Советот, вклучително со Единиците за стратегиско планирање и рано предупредување и воениот персонал на ЕУ (ВПЕУ), треба да обезбедат редовни информации за развојот на потенцијалните конфликтни ситуации, преку развој и употреба на стандардни формати и методи за извештаи за рано предупредување;
- Целосно ќе бидат употребувани информациите од теренскиот персонал на ООН и ОБСЕ, како и од другите меѓународни организации и граѓанското општество,
- Се поттикнува зголемена размена на информации помеѓу земјите-членки и Комисијата, преку размена на државните стратегиски планови и стратегиските документи од земјите-членки, како и преку воспоставување на систем на размена на информации на работно ниво, под надзор на Комисијата;
- Целосно ќе се применат насоките за зајакнување на оперативната координација помеѓу Комисијата, во име на Заедницата, и земјите-членки на полето на надворешната помош, усвоени од страна на Советот на 22 јануари 2001.

### 2.2. *Инструменти на ЕУ за долгорочна и краткорочна превенција*

Европската унијата има голем број инструменти за структурални долгорочни и директни краткорочни превентивни дејствија. Долгорочните инструменти вклучуваат:

- Реализирање на развојна соработка и размена;
- Активности за контрола на оружјето;
- Унапредување на човековите права;
- Реализирање на стратегии за зачувување на природната средина;
- Форми на политички дијалог.[13]

Унијата предвидува и дипломатски и хуманитарни инструменти за краткорочна превенција преку механизмите за цивилен и воен кризен менаџмент развиен во рамките на ЕБОП кои исто така треба да придонесат за способностите на ЕУ во превенција на конфликтите.

Овие инструменти треба да се употребат на поцелисходен и поефективен начин со цел да се упати на основните причини за конфликтите, како што се сиромаштијата, недостатокот од добро владеење и почитување на човековите права и борбата за оскудните природни ресурси.

Институционалното зајакнување на политиката на ЕУ за превенција на конфликти и понатаму имплементирањето на некои од инструментите укажува дека капацитетот на унијата за долгорочна превенција е посиланата страна на Унијата.

## Заклучок

Во намерата да се создаде ефикасна стратегија за справување со современите закани, особено со современите конфликти како закана за мирот и безбедноста, голем број држави и меѓународни институции го насочуваат вниманието кон превентивното дејствување. Како резултат на препознавањето на комплексноста на проблемот на безбедноста и особено на динамичноста на современите закани и ризици, се настојува да се овозможат навремени проценки за ризиците и предупредување за нивната динамика и ескалирање со цел да се превземе соодветна стратегија за справување/менаџирање. За разлика од досега доминантниот реактивен пристап кон заканите во рамките на безбедносните стратегии, превенцијата како концепт се повеќе се вградува и станува составен дел на политиката. Основна претпоставка за успешна превенција и навременото реаги-

[13] Георгиева, 2004, стр. 35.

рање од страна на актерите кои имаат ингеренции да се справат со современите предизвици е воспоставување на систем за анализа и проценување на ризиците и модели за рано предупредување.

Основна улога на проценувањето на ризиците е да овозможи содржајна и навремена анализа и информација која ќе претставува основа за навремено предупредување за одреден ризик кој може од далечен и помалку веројатен да прерасне во непосредна закана. Кога станува збор за конфликтите основна улога на раното предупредување е да овозможи со превентивно ангажирање во најраните фази на потенцијалниот конфликт или криза да се спречи или да се намали неговата деструктивна фаза.

Обидите да се превенираат заканите и ризиците, односно да се создадат модели за проценување на ризиците и рано предупредување, најчесто тие се однесуваат на ситуации кои најчесто се дефинираат како: Политичка нестабилност; дистрибуција на оружје; конфликти за природни ресурси; внатрешни конфликти; геноцид, масовно кршење на човековите права; колапс на држави; кризи за храна; бегалски кризи и внатрешно раселување.

Во формулирањето на ЗНБП и на програмата за превенција на конфликти на ЕУ кои се обидуваaат да овозможат одреден степен на проактивност на европската безбедносна политика, проценувањето на ризиците и раното предупредување се клучните елементи за ефикасна превенција. Сепак иако формулациите на ЗНБП и инструментите кои и стојат на располагање создаваат простор за поголемо ангажирање на ЕУ во превенцијата на конфликтите и справувањето со ризиците, сепак на овој план присутни се голем број на резерви. Досегашните искуства покажуваат дека и ЕУ како и другите меѓународни институции се соочуваат со пречки за ефикасно функционирање и реализирање на превенцијата. Како заради присуството на различни поединечни интереси на членките така и заради недоволната координираност на заедничките позиции и акции превенцијата се реализира како краткорочна, операционална превенција. Во однос на ЈИЕ, ЕУ применува и инструменти како што се договорите за стабилизација и придружување кои специфично ги адресираат проблемите на поедини држави или во регионален пристап како што е Пактот за стабилност ги опфаќа проблемите на регионот и ја поддржува соработката помеѓу државите. Во споредба со останатите меѓународни актери, спомнатите инструменти на ЕУ за превенвија но проширувањето како еден од најподдржуваните

инструменти (барем од аспирантите), и овожможуваат компаративна предност на ЕУ во превенцијата на конфликтите и зачувувањето на стабилноста во однос на останатите актери.

(Рецензент: *йроф. д-р Марина Мийревска*)

## СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА


Ackermann, Alice (2000). *Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia.* Syracuse, NY: Syracuse University Press.

Bruce W. Jentleson, ed. *Opportunities Missed, Opportunities Seized: Preventive Diplomacy in the Post-Cold War World*, pp. 3-20. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.

Георгиева Л.: Превенција на конфликти: Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија; Фридрих Еберт, Скопје 2004.

Георгиева Л. (2006): Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје

Lund, Michael: Preventing Violent Conflicts: Astrategy for Preventive Diplomacy, USIP, 1999.

Lund, Michael (2002). )Preventing Violent Intrastate Conflicts: Learning Lessons from Experience", во Paul van Tongeren, Hans van de Veen, and Juliette Verhoeven, eds. *Searching for Peace in Europe and Eurasia: An Overview of Conflict Prevention and Peacebuilding Activities.* Boulder, CO: Lynne Rienner.

Lund, Michael (1996). *Preventing Violent Conflicts: Strategy for Preventive Diplomacy.* Washington, DC: United States Institute of Peace Press.

John L. Davies and Ted Robert Gurr: Preventive Measures: Building Risk Assessment and Crisis Early Warning Systems; Rowman& Littlefield Pub.

Nick Killick (International alert) and Simon Higdon (Safeworld) (1997/1998): The Cost of Conflict; vo Peter Cross (ed.): Contributing to Preventive Action; CPN Yearbook.

Peter Cross (ed.): Contributing to Preventive Action; CPN Yearbook 1997/98.

Peter Wallensteen, ed., *Preventing Violent Conflict: Past Record and Future Challenges*; Uppsala: Uppsala Universitet, Department of Peace and Conflict Studies, 1998.

Paul van Tongeren, Hans van de Veen, and Juliette Verhoeven, eds. *Searching for Peace in Europe and Eurasia: An Overview of Conflict Prevention and Peacebuilding Activities.* Boulder, CO: Lynne Rienner.

EU Crisis Response Capability: Institutions and Processes for Conflict Prevention and Management, ICG Issues Report No 2, June 2001, Brussels.

The EU Security Strategy: Implications for EU Conflict Prevention; International Alert and Safeworld EU policy Paper, 2004.

Lidija GEORGIEVA

## EU SECURITY STRATEGY AND CONFLICT PREVENTION

### Abstract

*The evolution of the European Union (EU), especially within its Common Foreign and Security Policy (CFSP) urges that two key issues should be recognized: EU security strategy that formulates the changed viewpoint of the member states regarding modified security environment and the risks and threats for the stability of the EU, as well as the concept of conflict prevention that emerged as a common, unifying norm within the CFSP and common norms and principles of the member states. The fact that Getteborg Programme, i.e. The Programme for Conflict Prevention of the EU was adopted before the Security Strategy of the EU, was provocative enough. Still, both concepts could be approached as a basic issues of common security policy that has been built on the experience of the member states gained from the region of SEE.*

*Within this paper conflict prevention is analysed as a central component of the CFSP both in its military and civilian instruments. Still, the experiences from implementing the instruments of the CFSP towards SEE and Macedonia especially shows that prevention is not fully structured and implemented concept or that long term/structural prevention is more successful model for security policy.*